**20150481886**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став 1 алинеја 13 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14 и 33/15) министерот за внатрешни работи донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи, изнесуваат за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Лична карта........................................................................... | 190,00 денари |
| 2. | Пасош..................................................................................... | 1.500,00 денари |
| 3. | Дипломатски пасош.................................................................. | 1.500,00 денари |
| 4. | Службен пасош........................................................................ | 1500,00 денари |
| 5. | Уверение за државјанство.......................................................... | 50,00 денари |
| 6. | Возачка дозвола....................................................................... | 280,00 денари |
| 7. | Возачка книшка........................................................................ | 100,00 денари |
| 8. | Пробен тест за проверка на знаење на кандидат за возач........... | 100,00 денари |
| 9. | Дозвола за возач - инструктор.................................................... | 300,00 денари |
| 10. | Лиценца за авто - школа............................................................ | 6.000,00 денари |
| 11. | Лиценца за авто-школа (издадена за одземена категорија)........ | 250,00 денари |
| 12. | Лиценца за испитен центар........................................................ | 30.000,00 денари |
| 13. | Лиценца за работа на стручни работници за извршување на работи на технички преглед на возила…………………………....... | 250,00 денари |
| 14. | Сообраќајна дозвола за возило.................................................. | 200,00 денари |
| 15. | Сообраќајна дозвола за трактор................................................. | 200,00 денари |
| 16. | Налепница за извршена регистрација......................................... | 60,00 денари |
| 17. | Потврда за пробно возење.......................................................... | 200,00 денари |
| 18. | Потврда за пробно возење трактор............................................. | 200,00 денари |
| 19. | Дозвола за оружје..................................................................... | 200,00 денари |
| 20. | Дозвола за поседување на оружје................................................ | 200,00 денари |
| 21. | Дозвола за носење на оружје...................................................... | 250,00 денари |
| 22. | Дозвола за колекционерско оружје............................................. | 250,00 денари |
| 23. | Потврда за пријавено оружје од Д категорија ............................ | 150,00 денари |
| 24. | Легитимација за вршење на детективска дејност.......................... | 6.000,00 денари |
| 25. | Лиценца за вршење на детективска дејност................................. | 30.000,00 денари |
| 26. | Лична карта за лице под супсидијарна заштита........................... | 50,00 денари |
| 27. | Лична карта за признаен бегалец................................................ | 50,00 денари |
| 28. | Патен лист за странец................................................................ | 100,00 денари |
| 29. | Пасош за странец...................................................................... | 1.500,00 денари |
| 30. | Дозвола за постојан престој....................................................... | 190,00 денари |
| 31. | Патна исправа за лице без државјанство..................................... | 500,00 денари |
| 32. | Дозвола за привремен престој.................................................... | 190,00 денари |
| 33. | Дозвола за локален граничен сообраќај...................................... | 600,00 денари |

34. Записник за извршен увид на обезбедено место на настан
- на барање на физичко лице........................................................ 100,00 денари
- на барање на правно лице......................................................... 300,00 денари

35. Скица од извршен увид на лице место
- на барање на физичко лице…...................................................... 150,00 денари
- на барање на правно лице.......................................................... 450,00 денари

36. Потврда за извршен увид на лице место
- на барање на физичко лице........................................................ 50,00 денари
- на барање на правно лице.......................................................... 150,00 денари

Цената на образецот наведен во дел I точка 2 од ова решение, се зголемува три пати ако по барање на граѓанинот се издава најдоцна до 48 часа од часот на поднесување на барањето за издавање на пасош, освен ако се издава поради лекување во странство, смрт или тешка болест во семејството.

Цената на образецот наведен во дел I точка 6 од ова решение, се зголемува три пати, ако по барање на граѓанинот се издава најдоцна до 48 часа од часот на поднесување на барањето за издавање на возачка дозвола.

II. Усогласувањето на цените на обрасците наведени во делот I од ова решение се врши во зависност од корекцијата на цената на чинење на обрасците.

III. Со денот на отпочнувањето на примената на ова решение престанува да важи Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/09, 23/10, 140/13 и 28/14).

IV. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.13.1-19675/1
19 март 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.